**Community Justice Centres** (CJC)

NSW GOVERNMENT

## Mediation at CJC: Macedonian

# Посредувачки услуги

*Сакате ли учество во решавањето на вашите спорови*

## Што прават Општинските правни центри?

Општинските правни центри (Community Justice Centres - CJCs) нудат посредувачки услуги за да им помогнат на луѓето самите да си ги решат своите меѓусебни спорови. Нашите услуги се **БЕСПЛАТНИ**, поверливи, доброволни, навремени, и лесно се користат.

## Што е посредување?

Посредување е срекавање на луѓето за да дискутираат за спорните работи.

Посредувачките средби во CJCs ги водат двајца непристрасни, обучени посредници кои им помагаат на луѓето да ги разберат меѓусебните ставови и да работат заеднички да би постигнале спогодба прифатлива за секого.

Посредниците контролираат како се одвива посредувачката средба. Луѓето во спор одлучуваат што ке се дискутира и на што ке се спогодат.

## Зошто да се посредува?

Посредувањето нуди безбедна и неформална средина каде што луѓето мо жат да разговараат меѓусебе за да ги решат проблемите. Нема ништо за губење.

Преку 80% од посредувачките средби завршуваат со постигнување спогодба. Тоа е затоа што луѓето си дојдуваат до свои одлуки и така тие се повеке приврзани на резултатот.

Ако неможе да се постигне спогодба барем спорните страни имале прилика да ги разјаснат проблемите и да си ги разберат меѓусебните ставови.

## Како се одвива посредувањето?

Улогата на посредувачите е да ја потпомагаат и контролираат дискусијата така да луѓето би можеле самите да си дојдат до разумно решение на нивниот спор.

Процесот на посредувањето обично ги следи овие точки :

⇒ Посредувачите и спорните лица се представуваат и посредувачите го објаснуваат процесот и основните правила на посредувањето.

⇒ Секој човек по ред ги кажува своите грижи.

⇒ Се слуша секој човек, без прекинување.

⇒ Посредувачите поттикнуваат (и ја потпомагаат) дискусија меѓу луѓето за проблемите кои што тие ги наведиле.

⇒ Посредувачите му зборуваат на секој човек на приватно, во меѓу времето другиот има време да размислува за неговите можности.

⇒ Потоа луѓето поново се ставени заедно и поттикнувани да водат понатамошни преговори.

⇒ Ако има согласност посредувачите ја запишуваат спогодбата и им даваат копија на обете страни како доказ на она што е согласено.

**Кои се посредувачите?**

Посредувачи на CJCs се избрани по строг процес на селекција и завршуваат сестран курс обука.

Тие се акредитирани и платени од страна на Главниот правозастапник на Нов Јужен Велс (Department of Communities and Justice) и работат за CJCs на привремена основа.

Тие ги зарджуваат своите способности со постојано полагање испити, надзор и внатрешна обука.

**Какви спорови се погодни за посредување?**

Широк круг спорови се погодни за посредување вклучувајки:

- ⇒ комшии : огради, дрва, врева, животни, деца, премин, музика
- ⇒ семејство : разделба на брачен пар, родители и роднини, родители и деца, негователи
- ⇒ деловни работи : со клиенти, мајстори, квалитет на работа, исплата
- ⇒ граѓански и други мали барања
- ⇒ на работно место : односи, неработни прашања
- ⇒ во заедницата и меѓу заедници : станбени, школски, општествени, деловни, службени, спортски, итн.

Ако не сте сигурни, ве молиме јавете се на нашите службеници.

**Како можам да организирам посредување?**

Можете да ни се јавите директно преку телефон, факс, писмо или електронска пошта.

Нашите службеници ке ги сослушаат вашите проблеми и веднаш ке ви кажат дали можеме да ви помогнеме.

Ако можеме да ви помогнеме нашите службеници ке ви побараат податоци за вас, за вашиот проблем, и за другите лица во спорот.

Ние потоа ке ги контактираме другите лица и ке ги поттикнеме да учествуваат во посредувачка средба.

**Кога и каде се одржува посредувањето?**

Нема список за чекање. Посредувачки средби се организираат во времиња кои одговараат на секому и се одржуваат во нашите подрачни канцеларии или во место блиску до вас.

Посредувачка средба трае меѓу 2 и 4 часа, затоа ве молиме да си оставете доволно време кога присуствувате на средба.

**Дали ви треба преведувач или имате специјални потреби?**

Ве молиме да ни кажете ако ви треба помош во врска со пристапување на нашата услуга.

Ако ви треба преведувач ве молиме телефонирајте на 131 450 и замолете го преведувачот да го контактира CJC во вашето подрачје.

Преводи на оваа брошура се на располагање на следните јазици:

арапски, босански, кинески, хрватски, филипински, германски, грчки, италијански, кмерски, корејски, лаоски, македонски, малтески, полски, португалски, руски, српски, шпански, турски и виетнамски.

Преводи на оваа брошура можат да се добијаат и од нашата интернет страница: **www.cjc.justice.nsw.gov.au**